# НАРЦИЗМИ

Музеј на современата уметност, Скопје 21.VI - 21.VIII 1999

## Текст(ури) на (его) лицето во ликовните претстави на македонските авторки:

Елизабета Аврамовска,

Мирна Арсовска,

Жанета Вангели,

Љупка Делева,

Искра Димитрова,

Христина Иваноска,

Маргарита Киселичка,

Лилјана Климова,

Марина Лешкова,

Моника Мотеска,

Маја Рауник,

Анета Светиева,

Весна Стефановска,

Ана Стојковиќ,

Дијана Томиќ,

Вана Урошевиќ

Симонида Филипова

Концептот на ликовниот проект *Нарцизми* се темели врз два постулати:
растечкиот креативен потенцијал на женските уметници во Македонија (како и во светот) како изказ со свои полови особености и обид да се најде средиште во овој период на губење кредибилитет во вредностите на општо рамниште и на индивидуален план. Трајната романтичарска тема на нарцизмот е користена метафорично за да ги возобнови и ре-актуелизира категориите наречени убавина, љубов, нежност, возвишување, радост и слобода, но и да ги преиспита неговите негативни страни сместени во поимите на меланхолијата, егоизмот, амбивалентноста. Во овој контекст влегува и прашањето на индивидуацијата, на утврдувањето на сопствениот идентитет низ процесот на самоанализата.

Женските означености што му се припишуваат на нарцизмот од страна на психоаналитичарите , филозофите и поетите уште повеќе ги нагласуваат колоритните посебности на женскиот ликовен говор, а оваа вечна тема, поставена во оваа прилика пред македонските авторки, отвора простори за обновено и друго нејзино исчитување во денешницата.

Митот за Нарцис е толкуван во ширина, почнувајќи од митолошките предлошки, па преку колективниот и космичкиот нарцизам до неговата демистифицирана појавност во баналното секојдневие.
Учесничките со различни генерациски исходишта, одбрани согласно нивната веќе претходно пројавена сплотеност со оваа тема, ја мислат оваа проблематика во широки планови на ликовните постапки:
од пиктуралните, графичките и скулпторските решенија до инсталациите со мултимедијални, виртуелни и интерактивни обележја. Без разлика на нивната манифестна страна, која вибрира меѓу физичкоста на лицето/ телото и неговата де-материјализација, делата на 17 авторки (сликарки, скулпторки, графичарки) зборуваат со јазикот ослободен од чувството на вина, срам или предодреденост, застапувајќи ја тезата за нарцизмот, не како отуѓување , туку како шанса за само-дефинирање и едност со опкружувањето. Во овој контекст, нарцизмот како одбран центар на гравитација, се спротиставува на принципите на постмодерната, дисперзирана низ номадските талкања отуѓени од било какво средиште.

На ниво на општа констатација е запазена интерсубјективната димензија вградена во самото битие на нарцизмот: (с)огледувањето на сопствениот лик во огледалото на очите на другиот, како место на допир.

*Соња Абаџиева*

**ЕЛИЗАБЕТА АВРАМОВСКА** (р.1956)
1. *Homo sapiens (свесен човек) или Homo narcisus (самозаљубен човек),* 1999,
инсталација (полурефлексно стакло,
плотерска фотографија), 150 x 200
2. *Транслација,* 1998,
плотерска фотографија, огледало, метална конструкција

**МИРНА АРСОВСКА** (р. 1967)
3. *Автопортрет,* 1996, инсталација
(гипс, метал, парафинска течност, X-ray,
микро-чипови, сина светлина)

**ЖАНЕТА ВАНГЕЛИ** (р.1963)
4. *He Duty Free (Not Duty Free),* 1999,
инсталација (слајд проекции)

**Љупка Делева** (р. 1970)
5. e-mail: diary, 1999

**ИСКРА ДИМИТРОВА** (р. 1965)
6. *Ехо и Нарцис ( на Искра со љубов и самоиронија),* 1999,
инсталација(авторски видео снимки на авторката,
отпечаток во боја од телото на авторката,
УВ светлина, звук, антирефлексно стакло)

**ХРИСТИНА ИВАНОСКА** (р. 1974)
7. *Трезор (отфрелни љубовници),* 1999,
интерактивна инсталација (платно, маса, ламба)

**МАРГАРИТА КИСЕЛИЧКА КАЛАЈЏИЕВА** (р. 1962)
8. *Јас и "Безвременото",* 1999,
инсталација (алуминиум, вода)

**ЛИЛЈАНА КЛИМОВА** (р. 1963)

**МАРИНА ЛЕШКОВА** (р. 1957)
10. *Ехо и Нарцис,* 1998/99,
сребрена фолија, акрил/масло на дрво, 124 x 45 x 10
11. *Главата на Св.Јован,* 1998/99,
златна боја, сребрена фолија,
акрил/масло на дрво, 138 x 50 x 10

**МОНИКА МОТЕСКА** (р. 1971)
12. *Предизвикувач,* 1999,
инсталација (видео проекција, глина, ножеви, звук)

**МАЈА РАУНИК КИРКОВ** (р. 1966)
13. *Фрагилност....цврстина*, 1999,
инсталација (стакло, слајд проекција)

**АНЕТА СВЕТИЕВА** (р. 1944)
14. *Амор (Гласник*), 1970/71,
теракота, 85 x 70 x 35, сопств.: МСУ, Скопје
15. *Капачка од циклусот "Река",* 1984
теракота, 50 x 40 x 30, сопств.: МСУ, Скопје
16. *Голема исправена капачка*, 1987,
теракота, енгоба, 84 x 57 x 22, сопств.:МСУ, Скопје

**ВЕСНА СТЕФАНОВСКА** (р.1973)
17. *Отсуство*, 1999,
инсталација (видео проекции, плексиглас,
рефлектирачка фолија)

**АНА СТОЈКОВИЌ** (р. 1971)
18. *Митови и сегашност*, 1999,
анимација и видео проекција на плексиглас

**ДИЈАНА ТОМИЌ РАДЕВСКА** (р. 1961)
19. *Моќта на Пигмалион*, 1999,
инсталација (графички отпечаток,
транспарентна фолија, X-ray )

**ВАНА УРОШЕВИЌ** ( р.1961)
20. *Собата на Мелузина*, 1999,
инсталација (две метални пружини од кревет,
свила, фустан, жилети, текст)

**СИМОНИДА ФИЛИПОВА КИТАНОВСКА** (р. 1965)
21. *Јас сакам да се гледам во твоите очи секој ден*, 1999,
инсталација (фолија, LED, спектатор)

Звучните ефекти за изложбата ги направи Атанас Георгиев,
а ТВ-спотот е дело на студентите на факултетот за
Драмски уметности од Скопје



ПРОЕКТ НА

МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ,

ДИРЕКЦИЈАТА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

СКОПСКО ЛЕТО

СКОПЈЕ: 21.VI - 21.VIII 1999

АВТОР СОЊА АБАЏИЕВА



"Кога го гледаме окото на некој наспроти нас, нашето лице (то просолон), се одразува во она што се нарекува зеница (коре: девојка), како во огледало: оној што гледа таму ја здогледува сопствената слика (еидолон). - така е. - Па така, кога окото набљудува друго око, кога го прицврстува својот поглед на најубавиот дел од другото око, она што го гледа е самиот тој".

*Алкибијад*


**Дирекција за култура и уметност** - Скопје

**СКОПСКО ЛЕТО**

Бул. "Климент Охридски" 66

тел/факс: ++389 91 222 341; 235 064; 238 372